**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Христина Темелкова Митев**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Струмица и Радовиш**
**ул.Св.Спасо Радовишки бр.79**
**тел. 032/633-888;**
**izvrsitelhristina@hotmail.com**

**Образец бр.2**

**И.бр. 37/2026**

Извршителот Христина Темелкова Митев од Радовиш, ул.Св.Спасо Радовишки бр.79 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Миливој Велиновиќ од Струмица со ЕМБГ и живеалиште на ул. „ Браќа Миладинови “ бр.35/1-12, засновано на извршната исправа ОДУ бр.724/24 од 22.11.2024 година на Нотар Невенка Глигорова од Струмица, против должникот НИКФАН ТРАНС ДООЕЛ од Струмица со ЕДБ 4027024539504 и ЕМБС 7759800 и седиште на ул. „ Тоше Проески “ бр.10, за спроведување на извршување во вредност 9.000.000,00 денари на ден 27.03.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
### за поправање на грешки во актите на извршителот
### (врз основа на член 10 став (1) од Законот за извршување и член 331 од Законот за парничната постапка)

СЕ ВРШИ поправање во заклучокот за продажба на подвижни ствари со усно јавно наддавање И.бр. 37/2026 од 23.03.2026 година на извршителот Христина Темелкова Митев од Радовиш.

Се поправа техничката грешка на начин што во ставот 3 по зборовите :
Продажбата ќе се одржи на ден **06.04.2026 година во 10:00 часот во просториите на Извршител Христина Темелкова Митев од Радовиш, ул. Св.Спасо Радовишки бр.79, кат 1 -Радовиш**

**се додаваат зборовите:**

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижните ствари.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210078193900228 која се води кај НЛБ банка АД и даночен број 5023025502203 најдоцна до 03.04.2026 година.

<u>Предност на јавната продажба ќе имаат заинтересираните лица кои ќе дадат понуда за купување на сите подвижни предмети во пакет.</u>

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Во останатиот дел заклучокот останува непроменет.

Овој заклучок е составен дел на заклучокот за продажба на подвижни ствари од 23.03.2026 година и ќе биде објавен во дневниот весник Нова Македонија и на веб страната на Комората на извршители на РСМ.

И З В Р Ш И Т Е Л
Христина Темелкова Митев